Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 25, 14 август 2009 година

август 2009 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-уметничкото подрачје ликовна уметност на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-уметничкото подрачје флејта на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област монетарна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 15

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот за учебникот „Генеза на рудни наоѓалишта“ од проф. д-р Тодор Серафимовски, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 17

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ МОНЕТАРНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

За избор на наставник во наставно-научно звање доцент на наставно-научната област монетарна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Со Одлука бр.1702-57/4 од 21.5.2009 год. донесена на 27. седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 18.5.2009 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-научно звање ***доцент*** на наставно-научната област ***монетарна економија*** на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот на овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“, на 8.5.2009 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Крсте Шајноски.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” да му го поднесеме следниов

## Р Е Ф Е Р А Т

За избор на наставник во наставно-научно звање доцент на наставно-научната област монетарна економија.

***Биографски податоци***

**Д-р Крсте Шајноски** е роден на 3 август 1973 година во Охрид. Во Скопје завршува основно осумгодишно образование, средно економско училиште и Економски факултет - насока Финансии и банкарство.

По завршувањето на високото образование се вработува како новинар во Телевизија Телма, каде ги следи настаните од економската проблематика, особено финансиското и банкарското работење во земјава. Паралелно работи и како соработник во Економската редакција на Американска радио мрежа „Радио слободна Европа”. Во тој период ги положува испитите од постдипломските студии на насоката Финансиски менаџмент при Економскиот институт во Скопје, а во 2006 година ја одбранува магистерската теза *„Влијанието на банките врз берзанските движења во Република Македонија - скок на акциите во 2005 година”*.

На Економскиот институт во Скопје, на 24 април 2009 година, ја одбранува докторската дисертација на тема *„Потреба и можности за унапредување на пазарот на долгорочни хартии од вредност во финансирањето на развојот на Република Македонија”*.

Покрај академското остварува и дополнително стручно образование. Во 2006 година, пред Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија го положува стручниот испит за вршење на работи со хартии од вредност во Република Македонија, а во 2007 година го положува и испитот за инвестициско советување.

Од 1 јануари 2007 година спогодбено ја напушта новинарската работа и ја формира фирмата за финансиски консалтинг „Инвеститор”. Во почетокот на 2008 година бил назначен за извршен директор на „Еуро брокер”, брокерска куќа со големо овластување.

Како стручно лице за пазар на хартии од вредност, учествува како предавач на повеќе семинари од областа на берзанското и финансиското работење. На семинар за новинари предава за улогата на пазарот на хартии од вредност. На „Start up business center” на Машинскиот факултет во Скопје одржува предавања за финансирањето на бизниси преку пазарот на капитал. Коавтор е при изработка на брошурата за инвестирањето, преку пазарот на капитал, што ја подговуваат Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и УСАИД Македонија. Предава на семинар за работата на пазарот на капитал во функција на финансирањето на претпријатијата, во организација на УСАИД Македонија. Со реферат учествува во расправата на Деветтата конференција на Македонска берза. На семинарот што го организира Комисијата за хартии од вредност одржува предавање за влијанието на информациите врз инвеститорите.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Крсте Шајноски покажува голем интерес за научноистражувачка работа, што јасно се гледа од списокот на трудови доставен до Комисијата.

Како позначајни се издвојуваат следниве трудови:

1. „На 'ујдурмите' - ујдурма без преседан", *ЗУМ,* бр.6, 2000 год.
2. „Должнички лавиринт", *ЗУМ,* број 7, 2000 год.
3. „НБМ контра конвертибилноста на денарот", *ЗУМ,* број 9, 2000 год.
4. „Влијанието"
5. „Зошто не се повтори 2005 година", *Економија и бизнис,* бр.103, 2006 год.
6. „Се надувува ли ценовен балон?", *Економија и бизнис,* бр. 104, 2006 год.
7. „Зошто ги нема инвестиционите фондови и покрај нивното значење", *Економија и бизнис*, број 105, 2006 год.
8. „Претприемништвото во областа на инвестирањето во хартии од вредност", Дискусија на научен собир за претприемништво, 2007 год., Скопје
9. „Влијанието на профитабилноста на друштвата што го сочинуваат МБИ-10 врз големиот скок на цените на акциите во 2005 година", статија во *Економија и развој*, Економски институт, 2006 год.
10. „Македонскиот берзански бум во 2005 - фикција или реалност", издавач *Влабор*, ДООЕЛ Скопје, 2006 год.
11. „Берзански шпекулации и организирано манипулирање", статија *Економија и развој*, Економски институт, 2007 год.
12. „Потреба и можности за унапредување на пазарот на долгорочни хартии од вредност во финансирањето на развојот на Република Македонија", 2009 год. (докторска дисертација).

Во продолжение ќе презентираме неколку труда со кои кандидатот се претстави пред стручната и научната јавност во изминатиот период.

**Евалуација на трудовите со редни броеви 5, 6 и 7, наведени во списокот на објавени трудови**

Општа оценка е дека кандидатот својата истражувачка активност ја насочува кон истражување и анализа на проблеми од сферата на финансиите и финансискиот менаџмент, поконкретно на функционирањето на пазарот на капитал во земјава.

Заедничка карактеристика и оценка на наведените трудови е фактот што авторот се впушта во анализа на настаните од финансиската сфера во општественото живеење. Со овие прилози објавени во „Економија и бизнис", авторот се впушта во потемелно согледување на случувањата на пазарот на долгорочни хартии од вредност. Притоа, аргументирано објаснува дека скокот на цените на акциите од 2005 не се повтори во 2006 година, поради тоа што со растот во 2005 година се надмина состојбата на високо потценети вредности на акциите и не може да се очекуваат годишни пораси на цените од 100% и повеќе. Материјална основа за растот на цените на акциите е профитабилноста на фирмите. Во забрзувањето на растот на цените на акциите од МБИ-10 во летото 2006 година кандидатот согледува и надувување на ценовен балон на акциите. Тоа го потврдува со фактот што остварените профити по акција на фирмите што го сочинуваат индексот претставуваа само 2,2- 6,6% на 100 денари вложен капитал. Во трудот со кој се осврнува на причините зошто и по седум години не беше формиран инвестиционен фонд во Македонија (трудот со реден број 7 „Зошто ги нема инвестиционите фондови и покрај нивното значење"), авторот констатира дека и по седум години не е формиран ни еден инвестиционен фонд во Македонија, доаѓајќи до заклучок дека причините зошто не се формирал инвестиционен фонд во Македонија се состои во високите цензуси за формирање на такви институции и притоа кандидатот нагласувајќи дека се залага за нивна промена, со цел да се забрза мобилизацијата на слободните парични средства на граѓаните и да се динамизира работата на Берзата.

**Евалуација на трудот со реден број 10 „Македонскиот берзански бум во 2005 - фикција или реалност“, издавач *Влабор,* ДООЕЛ Скопје, 2006 год.**

Во првиот поголем истражувачки труд „Влијанието на банките врз берзанските движења во Република Македонија - скок на цените на акциите во 2005 година“ (магистерски труд), кој подоцна, дополнет, е објавен како книга: „Македонскиот берзански бум во 2005 - фикција или реалност”, кандидатот потемелно ги истражува случувањата на Берзата во 2005 година. Истражувајќи ја заднината на случувањата на Македонска берза во пролетта 2005 година (изразени во голем скок на цените на акциите), кандидатот успешно се справува со комплексноста на проблемот што произлегува од карактерот на цените, како паричен израз на вредноста. Не е проблем да се перципира цената на акцијата. Проблем е да се разбере и осознае дали таа ја одразува вредноста на фирмата или ја преценува или, пак, потценува. Притоа, оценката за тоа е проблематична поради тоа што таа дефинитивно се формира на пазарот под влијание на понудата и побарувачката, со сите неизвесности што произлегуваат од оптимизмот и песимизмот на луѓето кои купуваат и продаваат хартии од вредност.

Присуството на проблеми во предвидувањето на движењето на цените на акциите, смета кандидатот, не значи дека тие се израз на „голи“ желби на продавачите и купувачите на акции. Зашто, нивните желби во крајна линија, сепак, ја одразуваат врската на цените на хартиите од вредност со профитабилноста на фирмите и нивната оценка за генерирање профит во иднина. Тешкотиите во предвидувањето се само израз на неизвесноста во остварувањето профит (потфат којшто зависи од многу други фактори). На примерот на порастот на цените на акциите од фирмите кои го сочинуваат македонскиот индекс, особено на банките, кандидатот ја докажува причинско-последичната врска на скокот на цените со профитабилноста на фирмите чии цени на акциите најмногу пораснаа, меѓутоа, укажува и на можното присуство на манипулативни и шпекулативни активности на берзата, кои се одразија врз растот на цените на акциите. Подетални елаборации на овие прашања кандидатот дава во прилозите објавени во списанието „Економија и развој”.

**Евалуација на трудот со реден број 12 *„Потреба и можности за унапредување на пазарот на долгорочни хартии од вредност во финансирањето на развојот на Република Македонија”*, 2009 год. (докторска дисертација)**

Во докторската дисертација „Потреба и можности за унапредување на пазарот на долгорочни хартии од вредност во финансирањето на развојот на Република Македонија”, кандидатот покажува дека и покрај создадената законска, регулативна и инфраструктурна рамка за функционирање на пазарот на капитал, ефектите од нивното имплементирање (со оглед на сè уште бавниот раст, високата невработеноста и др.), не дошле целосно до израз во општествено-економскиот развој на Република Македонија. Во овој контекст кандидатот ја гледа општествено-економската оправданост да се истражат причините за незадоволителното ниво на емисии на акции и обврзници во земјава, со намера да се отстранат и да се направи пресврт во развојот на пазарот на капитал, како примарен и како секундарен, во насока на покренување и динамизирање на економскиот развој на земјава.

Врз основа на деталното истражување на инструментите и институциите на пазарот на капитал во Македонија, може да се каже, смета авторот, дека формално-правно гледано нема суштински разлики меѓу состојбите во земјава и во поразвиените земји. Меѓутоа, разликите се во поголемиот обем на активности во развиените економии.

Во анализата на причините за недоволното ниво на емисии на акции и обврзници во Македонија, кандидатот укажува на недоволното инвестирање. Но, не се задоволува само со таквата аргументација. Следејќи ги причинско-последичните односи, за него, клучно е прашањето кои се причините за недоволниот интерес да се инвестира во услови кога нема сфера на активност во земјата во која не се потребни инвестициони зафати. Во овој контекст, кандидатот како на суштествена причина укажува на макроекономската политика на стабилизација во земја која остварува внатрешна рамнотежа на сметка на интересот за инвестирање и на динамиката на развојот. Конципирана и остварувана како стратегија на ценовна рамнотежа, со фиксен девизен курс на денарот, како номинално сидро на

внатрешната рамнотежа, таа се јавува како пречка за инвестирање со оглед на вградениот механизам за одржување на високо ниво на каматните стапки (за да се намали побарувачката на девизи). Со неа се зголемува и ризикот за инвестирање, особено во извозно-ориентирани капацитети, со оглед на неизвесностите што произлегуваат од неодржливата политика на преценет девизен курс на домашната валута (што се води заради одржување на фиксниот девизен курс на денарот). А во такви услови менаџерите и претприемачите не се решаваат да преземаат инвестициони зафати воопшто, вклучувајќи и финансирани со емисија на акции и/или обврзници. Затоа, со право констатира дека во неповолен амбиент за инвестирање не може да се очекува да се зголемат емисиите на долгорочни хартии од вредност, со оглед на тоа што емисиите се прашање на интерес на стопанските субјекти за да пристапат кон овој начин на прибирање на средства за реализирање на проекти важни за нивниот натамошен развој.

Во овие рамки за одбележување е констатацијата на кандидатот дека, досега, пазарот на капитал во Република Македонија функционираше толку колку што им беше потребен на учесниците, на постојново ниво на развиеност и во постојни услови на работење, со нагласена неповолна клима за инвестирање. Според него, можниот пресврт во неговата активност претпоставува суштински промени во амбиентот за инвестирање во земјата т.е. во ревидирањето на макроекономската политика на стабилизација и примена на политика на стабилизација која ќе генерира раст во услови на стабилност. Кандидатот се залага макроекономската политика на стабилизација, од стабилизација како цел за себе да прерасне во стабилизација која ќе генерира развој.

Покрај неповолниот амбиент за инвестирање, поради влијанието на споменатата стратегија за макроекономска стабилизација, се наведуваат и други причини за незадоволителното ниво на емисии на акции и обврзници: неконсеквентноста во дејствувањето на пазарните законитости, неефикасноста на институциите на правната држава и „детските болести" на институциите на пазарот на долгорочни хартии од вредност. Притоа, посебно се укажува на тоа дека придонес во пресвртот за инвестирање и емитирање на акции и обврзници може да даде и развојот на берзата во насока на зголемување на нејзината сигурност и ефикасност во работењето. Меѓутоа, смета кандидатот, треба да се има предвид дека Берзата е подготвена да ја поддржи интермедијацијата меѓу заштедите и инвестициите, меѓутоа, таа не може да влијае врз нивниот обем. Таа само создава услови за објективно (како израз на понудата и побарувачката) формирање на цените на акциите и обврзниците, и во однос на пазарот на кредитите. Пресвртот треба да се очекува од промената на климата за инвестирање. А таа тешко се менува поради одржувањето на декларираната конвертибилност на денарот (1998) со водење на политика на фиксен курс.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Вкупната актива на поени од активностите (НО+НИ+СУ+САОР) изнесува 93 поени. Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот труд на кандидатот д-р Крсте Шајноски, Комисијата стекна впечаток дека тој постигнал забележливи резултати во научноистражувачката област.

Комисијата констатира дека кандидатот д-р Крсте Шајноски ги исполнува условите според Конкурсот.

Исто така, Комисијата констатира дека кандидатот има објавено бројни научни и стручни трудови со кои сè повеќе го свртува вниманието на научната и стручната јавност.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" да го ***избере д-р Крсте Шајноски*** за наставник во наставно-научно звање ***доцент*** на наставно-научната област ***монетарна економија.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Ристо Фотов, претседател, с.р.**

**Доц. д-р Весна Ангеличкова, член, с.р.**

**Проф. д-р Трајче Мицески, член, с.р.**

**Прилог**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Крсте Шајноски, во изборниот период 2009 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Реден број од прегледот за наставно-образовна (НО) - (Правилник за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, стр. 94-95)** | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **30. Рецензент на соработници и наставници** | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| 1. Монографија или научна книга | 1 | 10 | **10** |
| 2. Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| 3. Одбранета докторска работа | 1 | 8 | **8** |
| 4. Труд во стручно (научно-популарно) списание | 10 | 2 | **20** |
| 5. Коментари по стручни прашања дадени за електронски или печатени медиуми | 51 | 1 | **51** |
| Вкупно: | | | **93** |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| **Реден број 23 од прегледот за стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност (Правилник за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, стр. 96-97)** | | | |
| | | | |
| | | | |
| Вкупно: | | | **93** |